# ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**www.iph.mk**
Ул. “50 Дивизија” бр.6, 1000 СКОПЈЕ
Тел:  02 3 125 044, 3 223 033; Фах: 02 3 223 354

## ОДДЕЛ ЗА ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА

# Б И Л Т Е Н

за движењето на акутните заразни заболувања во Република Северна Македонија
во **а в г у с т, 2026**




**Скопје, 09.08.2026**

**Содржина:**

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година* 3

*НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година* 4

*ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година – по групи* 4

*ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ* 5

*ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА* 5

*СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА* 5

*ЕПИДЕМИИ* 6

*СМРТНИ СЛУЧАИ* 6

*ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ* 6

*БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ* 6

## ***ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година***

Во текот на август 2026 година, во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно **1.548** заболени лица од акутни заразни заболувања *(без COVID-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)* со вкупна инциденца од **84,3 на 100.000 жители**.

Во текот на месец август се бележи зголемување на вкупниот број на заболени лица за 3,6% во однос на претходниот месец јули (n=1.494), зголемување во однос на август 2025 за 100% (n=774), како и зголемување во однос на аритметичката средина за периодот 2016–2025 за 35,2% (n=1.145).

Во вкупниот број на заболени во 2026 година, регистрираните случаи во месец август учествуваат со 20,7%. Кумулативниот број на пријавените случаи во 2026 (n=7.468) е за 8,5% поголем во однос на кумулативата за истиот период во 2025 година (n=6.884). *(Графикон 1)*

***<u>Графикон 1</u>: Број на заболени од заразни заболувања по месеци во 2026 и аритметичка средина за 2016-2025***




Најголем број акутни заразни заболувања на ниво на ЦЈЗ е пријавен на територија на ЦЈЗ Тетово (n=705; 45,5%), а најмал број е пријавен во ЦЈЗ Кочани (n=12; 0,8%). *(Графикон 2)*

Највисока инциденца на 100.000 жители на ниво на ЦЈЗ се регистрира на територијата на ЦЈЗ Тетово (I=280,3/100.000), а најниска инциденца во ЦЈЗ Кочани (I=13,6/100.000). *(Графикон 2)*

Во месец август, 5 ПЕ не доставија пријави за заразна болест до ИЈЗ од територијата што ја покриваат (Демир Хисар, Гевгелија, Делчево, Дебар и Валандово). *(Картограм)*

***<u>Графикон 2</u>: Број на пријавени и инциденца од акутни заразни заболувања по ЦЈЗ во август, 2026***




***Десетте најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во август*** учествуваат со 97,7% во вкупниот број на заболени во месецот и инциденца од 82,4/100.000 жители. *(Табела 1).*

***Првите две најчести заразни заболувања*** учествуваат со 85,3% во вкупниот број на заболени, а со 87,3% во десетте најчесто пријавени акутни заразни заболувања во месец август 2026 година.

***<u>Табела 1</u>: Десет најчесто пријавувани акутни заразни заболувања во август, 2026***

| Заболување | Број | I/100.000 |
|---|---|---|
| Ентероколитиси | **1.213** | **66,0** |
| Овчи сипаници | **108** | **5,9** |
| Салмонелози | **51** | **2,8** |
| Вирусен енцефалитис | **42** | **2,3** |
| Бактериски алиментарни инфекции и интоксикации | **30** | **1,6** |
| Шуга | **30** | **1,6** |
| Инфективна мононуклеоза | **17** | **0,9** |
| Џардијаза | **10** | **0,5** |
| Инфекции предизвикани од E. coli | **6** | **0,3** |
| Кампилобактериоза | **6** | **0,3** |
| **Вкупно** | **1.513** | **82,4** |

## *НАЈЧЕСТО ПРИЈАВЕНИ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година*

Во текот на месец август, **најчесто** регистрирано акутно заразно заболување се **ентероколитите** со вкупно 1.213 пријавени заболени лица. Тие во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 78,4%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец учествуваат со 80,2%.

Во однос на претходниот месец јули (n=975), се регистрира зголемување на бројот на пријави од ентероколит за 24,4%, а во однос на месец август 2025 (n=433), зголемување за 2,8 пати. Во однос на аритметичката средина (n=812) се регистрира зголемување за 49,4%.

Во вкупниот број на регистрирани ентероколити во 2026 (n=3.619), пријавените случаи во август учествуваат со 33,5%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 (n=7.468), ентероколитите учествуваат со 48,5%.

Кумулативниот број на заболени од ентероколити во 2026 (n=3.619) е за 41,9% поголем во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=2.550).

На второ место по број на пријавени заболени во месец август се **овчите сипаници**, со 108 случаи. Во вкупниот број на заболени во месецот учествуваат со 7,0%, а во групата на десетте најчести заразни заболувања за овој месец со 7,1%.

Во однос на претходниот месец јули (n=270), се регистрира намалување на бројот на заболени лица од овчи сипаници за 60,0%, додека во однос на месец август 2025 (n=234) се регистрира намалување за 53,8%. Во однос на аритметичката средина (n=187) се регистрира намалување за 42,2%.

Во вкупниот број на регистрирани овчи сипници во 2026 (n=2.479), пријавените случаи во август учествуваат со 4,4%. Во вкупниот број на регистрирани акутни заразни заболувања во 2026 година (n=7.468), овчите сипаници учествуваат со 33,2%.

Кумулативниот број на заболени од овчите сипаници во 2026 (n=2.479) е за 24,8% помал во однос на кумулативата во истиот период во 2025 (n=3.295).

## *ПРЕГЛЕД НА АКУТНИТЕ ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА ВО АВГУСТ, 2026 година – по групи*

Во однос на поделбата на **акутните заразни заболувања по групи,** во август, најголем број (n=1.318) припаѓаат на **цревни заболувања** (85,1%; I=71,8/100.000) *(Графикон 3).* Од нив најголем број (n=1.213, 92,0%) и инциденца (I=66,0/100.000) се пријавите за ентероколити. Во оваа група се пријавени и 51 случај (I=2,8/100.000, 3,9%) на салмонелози, 30 случаи (I=1,6/100.000, 2,3%) на бактериски алиментарни инфекции и интоксикации, 10 случаи на ѕардијаза, по 6 случаи на инфекции предизвикани со E.coli и на кампилобактериоза и по еден случај на листериоза и шигелоза.

Пријавениот случај со листериоза е лице од Кичево, на возраст од 60 години хоспитализирано на клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби во Скопје кај кое болеста се манифестирала под клиничка слика на менингоенцефалитис.

Во месец август пријавени се 139 случаи на **капкови заболувања** (9,0%; I=7,6/100.000) *(Графикон 3)*. Од нив, најголем број (n=108; 77,7%) и инциденца (I=5,9/100.000), се пријавите за овчи сипаници. Во оваа група пријавени се и 17 случаи со инфективна мононуклеоза, 5 слуачаи со голема кашлица, 4 случаи на скарлатина, 3 случаи на легионерска болест и по еден случај на менингококна и пневмококна болест.

Во групата на **останати акутни заразни** заболувања, во август се регистрирани 79 случаи (5,1%; I=4,3/100.000) (*Графикон 3*). Од нив 42 се случаи на вирусен енцефалит (53,2%; I=2,3/100.000), 30 случаи на шуга, 4 случаи со вирусен менингитис и 3 случаи на бактериски менигитис.

Од вкупниот број регистрирани вирусни енцефалити, 39 случаи се со дијагностициран WNV енцефалит (38 од Скопје и еден случај од Куманово). Од пријавените случаи, 9 се лица од женски, а 30 се лица од машки пол. Возрасната дистрибуција се движи од 25-84 години. Регистрирани се 6 смртни исходи.

Во групата на **зоонози,** во месец август пријавени се 2 заболени лица (0,1%; I=0,1/100.000) *(Графикон 3),* по еден случај на бруцелоза и туларемија.

Во групата на **сексуално и крвно преносливи инфекции** (без ХИВ/СИДА) регистрирани се 10 заболени лица (0,6%; I=0,5/100.000) *(Графикон 3).* Пријавени се 5 случаи на гонореја, 3 случаи на хламидија и 2 случаи на вирусен хепатит Б. *(Табела 1 во Прилог)*

***Графикон 3**: Структура на заболени по групи на заболувања во август, 2026*




## *ХИВ/СИДА И ДРУГИ СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ ИНФЕКЦИИ*

Во текот на месец август, пријавени се 5 нови случаи на ХИВ/СИДА, од нив 4 се лица од машки пол и 1 лице од женски пол. Согласно возрасната дистрибуција, по две лица се од 20-29 и 30-39 години, а едно лице е од 15-19 години. (*Табела 3 во Прилог*)

Пријавено е **едно починато лице**, претходно пријавено како случај на СИДА во месец јули, 2026 година.

Согласно постоечката евиденција на пријавени случаи (заклучно со 31.08.2026), кумулативниот број на лица регистрирани со ХИВ/СИДА во Македонија, за периодот 1987–2026, изнесува 770 и тоа:

- 142 починати лица
- 512 лица кои живеат со ХИВ/СИДА
- 116 лица се водат како изгубени за следење (иселени)

## *ВАКЦИНО-ПРЕВЕНТАБИЛНИ ЗАБОЛУВАЊА*

Во однос на вакцино-превентабилните болести, во месец август 2026 регистрирани се 8 случаи со инциденца од 0,4/100.000 жители. (*Табела 2 во Прилог*)

Регистрирани се 5 случаи на голема кашлица, сите од Скопје. Заболените се на возраст од 0-39 години. Од заболените едно лице е со непознат вакцинален статус, едно лице е некомплетно вакцинирано и 3 лица се вакцинирани согласно возраста. Сите случаи се лабораториски докажани.

Регистрирани се два случаи на вирусен хепатит Б, по еден случај од Скопје и Кичево, кои според возраста не подлежат на задолжителна имунизација и не се вакцинирани.

Во текот на месец август регистриран е еден случај на пневмокна болест (пневмококен менингитис), кој според возраста не подлежи на задолжителна имунизација и не е вакциниран.

## *СОСТОЈБАТА СО КОВИД-19 ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА*

Во Македонија, во текот на месец август, регистрирани се 8 нови случаи на КОВИД-19, при што се бележи зголемување во однос на претходниот месец јули кога немаше ниту еден регистриран случај, како и намалување во однос на месец август од 2025 година кога се регистрирани 76 заболени лица.

Во текот на август не се регистрирани починати лица асоцирани со КОВИД-19.

Во лабораториите во кои се спроведува молекуларно и антигенско тестирање за присуство на SARS-CoV-2, во текот на месец август се тестирани вкупно 357 материјали, за 18,9% помалку во однос на минатиот месец (n=440).

Од првиот регистриран случај во државата, заклучно со 31.08.2026, пријавени се вкупно 352.497 потврдени случаи на КОВИД-19 (I=19.191,7/100.000) и 10.009 смртни случаи (Mt=544,9/100.000; CFR=2,8%).

## *ЕПИДЕМИИ*

Во текот на месец август, до Институтот за јавно здравје пристигната е ***една пријава за појава за епидемија*** - Западно-нилска треска доставена од ЦЈЗ Скопје.

Епидемија е прогласена на територијата на општините Кисела Вода, Гази Баба, Аеродром и Бутел со 24 заболени лица. Сите заболени до моментот на пријавување на епидемијата се со регистрирана невроинвазивна форма на болеста и сите биле хоспитализирани.

Во текот на месец август пристигната е и една одјава за епидемија на гастоентеритис во Гостивар со датум на одјава 14.08.2026 година и регистрирани 1.149 заболени лица од кои 30 биле хоспитализирани.

## *СМРТНИ СЛУЧАИ*

Во текот на месец август, **регистрирани се 6 смртни случаи од акутно заразно заболување** *(без КОВИД-19, грип, туберкулоза, СИДА, АФП и хронични носителства на хепатит Б и Ц и ХИВ)*. Сите починати се лица кај кои е дијагностицирана невроинвазивна форма на западно-нилска треска. Починатите лица се на возраст од 62 до 83 години. Сите биле хоспитализирани на УК за инфективни болести и фебрилни состојби, а кај 5 се регистрирани коморбидитети.

## *ЛАБОРАТОРИСКИ ИЗОЛИРАНИ ИЛИ НА ДРУГ НАЧИН ДОКАЖАНИ ПРИЧИНИТЕЛИ НА ЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА И РЕЗИСТЕНЦИЈА НА АНТИБИОТИЦИ*

Во текот на август 2026 година во ИЈЗ се пристигнати 871 *Пријава за изолиран-докажан причинител на заразна болест и резистенција на антибиотици. (Табела 4 во прилог)*

Пријави се пристигнати од микробиолошките лаборатории од територииите на 9 ЦЈЗ. Пријави нема пристигнато единствено од ЦЈЗ Струмица. Најголем број пристигнати пријави се од лабораториите кои се наоѓаат на територијата на ЦЈЗ Скопје (n=603; 69,2%). (*Табела 4 во Прилог)*

Најчесто пријавувани причинители во месец август се: *HPV* (181; 20,8%), *MRSA* (158; 18,1%) и *Salmonella enteritidis* (n=40; 4,6%).

Според пријавите, резистенција е регистрирана кај *Acinetobacter, Enterobacter cloacae, Enterococcus, E. coli, Hafnia alvei, Klebsiella pneumoniae, Staphylococcus aureus, Peptostreptococcus, Proteus mirabilis, Pseudomonas aeruginosa и studzeri, Salmonella enteritidis, Stenotrophomonas maltophilia*.

Во однос на лабораториите кои пријавиле резистенција, пријавите се пристигнати од микробиолошките лаборатории на територијата на сите ЦЈЗ кои доставиле пријави до ИЈЗ.

## *БОЛЕСТИ КОИ СЕ РЕГИСТРИРААТ КАЈ СТРАНСКИ ДРЖАВЈАНИ*

Во текот на август, ***пристигната е дваесет и една пријава*** за заразно заболување регистрирани кај странски државјани и тоа: 9 пријави за бактериски алиментарни интоксикации, 6 пријави за ентероколитис, по 2 пријави за инфекција со E.coli и салмонелоза и по една пријава за мали сипаници и голема кашлица.

Според земјата од која доаѓаат, 7 случаи се од Швајцарија, 6 случаи се од Германија, 4 случаи се од Австрија и по еден случај од Холандија, Турција, Канада (со престој во Косово) и Словенија.

Во текот на 2026 година, регистрирани се вкупно 53 пријави за акутни заразни заболувања кај странски државјани. Регистрирани се 19 пријави на ентероколитис, 15 случаи со АТИ, 6 пријави за салмонелози, 4 пријави за ХИВ/СИДА, 2 пријави за инфекции со E.coli и по една пријава за кампилобактериоза, легионерска болест, денга, бруцелоза, овчи сипаници, мали сипаници и голема кашлица.

Според земјата од која доаѓаат, 10 случаи се од Германија, 9 од Косово, 8 од Турција, 7 од Швајцарија, 5 од Австрија, по 2 од Словенија, Србија, Австралија и Канада, и по еден од Белгија, Луксембург, Британија, Холандија, Хрватска и Бангладеш.

***Оддел за епидемиологија на заразни заболувања***
***Институт за јавно здравје на РСМ***